**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 05.05.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Присутни од Стручна служба: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексоска, м-р Тања Лазороска, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

Други присутни: /

Г-дин Петрушевски, ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2017 година и од продолжение на 16-та седница одржано на 21.04.2017 година.

2. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2017 година.

3. Предлог-одлука за ребаланс на финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

4. Информација во врска со доставениот допис од извршител во врска со предметот за должникот - Радиодифузно друштво „СКАЈ НЕТ – Манчев" ДОО Скопје, со предлог-заклучок.

5. Предлог-одлука за одобрување средства за пристап на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија.

6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: канцелариски материјали.

7. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: одржување на веб страницата на Агенцијата.

8. Разно.

**Точка 1**

- Советот, ги разгледа предложените записници од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2017 година и од продолжението на 16-та седница одржано на 21.04.2017 година.

Г-дин Петрушевски, објасни дека наведената точка содржи два записници и во таа насока предложи да се разгледуваат поединечно, хронолошки, и потоа еден по еден ќе се стават на усвојување. На почетокот отвори дискусија за Предлог-записникот од 16-та седница на Советот, одржана на 12.04.2017 година.

Г-дин Фиданоски, имаше неколку забелешки. Првата се наоѓаше на страна 21 од вкупниот материјал, во последната реченица во паусот од неговата дискусија, при што предложи, почетокот на реченицата „не вели дека има лоша соработка" да се избрише и да остане делот „не вели дека има беспрекорна соработка, ама не и дека му е лоша". Втората забелешка беше на страна 22, за која побара малку време, бидејќи во моментот не можеше да ја пронајде.

Г-дин Трајчев, рече дека не му е јасно како може нешто да има во претходниот записник, а сега да недостасува во овој?

Г-дин Петрушевски, одговори дека веројатно г-дин Фиданоски не може да ги најде забелешките затоа што му се измешале страниците од материјалот.

Г-дин Фиданоски, ги пронајде забелешките и рече дека на страна 22 од вкупниот материјал, односно пасусот кој започнува на страна 21 а продолжува на страна 22, во петтиот ред одозгора, зборот „пак" да се замени со зборот „повторно", понатаму во продолжение „првични најави" да се членува во „првичните најави", и „ќе имам во мај избори" да се коригира во „ќе има во мај избори".

Г-дин Петрушевски, рече дека за него сите забелешки од г-дин Фиданоски се прифатливи, бидејќи претставуваат технички измени на зборови, а не суштински.

Советот, со забелешките од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2017 година, со текст како што беше предложен.

- Советот го разгледа предложениот Записник од првото продолжение на 16-та седница одржано на 21.04.2017 година.

Г-дин Трајчев, објасни дека детално го разгледал записникот и според него тој не одговара на фактичката состојба, на тоа што се зборувало на седницата. Потсети дека на почеток на седницата, претседателот на Советот поделил еден документ на сите членови на Советот и кој што сега го има пред него онака како што бил даден. Објасни дека документот содржи вовед, хронологија на настани, пишува што сè се случило, цитирана е законска одредба од член 70 став 6, каде што со болдирани букви се кажува дека Агенцијата во рок од 15 дена од денот на воведување на Студијата ќе донесе одлука за објавување на јавен конкурс. Понатаму заклучува, болдирано, „ако се донесе одлука за објавување на предложените два конкурса, тоа ќе биде спротивно на член 70 став 6 од ЗААВМУ, т.е. ќе биде противзаконско" и тоа претседателот го прочитал на седницата, за да понатаму каже – поради претходното потребно е да се изработи нова Студија и да се внимава на датумот на објава на Студијата и датумот на одржување на седницата на АААВМУ, како би се носела одлука за објава на јавен конкурс. Г-дин Трајчев, објасни дека тоа е документ кој што бил поделен на сите и кој што на основа на тој документ, како член на Советот кој што кажува дека е тоа противзаконско, членовите

на Советот развиле дискусија. Во дискусијата на претседателот на Советот што е забележана во записникот, рече дека не стои ништо од тоа што го кажал, односно не стои суштината дека тоа е противзаконски, а тоа го кажал, го поделил и прочитал. На основа на тоа, понатака се развила дискусија, која што ако се гледа засебно, е надвор од контекст од тоа што беше вовед од излагањето на претседателот. Рече дека не му е јасно од кои причини тоа не стои во записникот, затоа што тоа е суштинска работа. Тоа бил документ кој што бил поделен и побара ова истото да влезе во записник, затоа што документот го дал претседателот, сите го виделе, го прочитал и образложил. Понатака на основа на тоа се развила дискусија, за понатаму дури, ако се гледа записникот, во втората дискусија, исто е пропуштено, кога тој го цитирал предлогот на претседателот, дури и го поправил дека тоа не е предлог, тоа е став, што исто не е внесено. Според него, хронолошки така како што е кажано, суштината на тоа што беше предлог на претседателот што го поделил како писмен документ дека точката ако ја изгласаат е противзаконска, а тие како членови на Совет имајќи ја целата одговорност на основа на тоа дека еден член на Советот им кажува дека нешто е противзаконски, понатаму носат одлука, тоа суштински не е внесено во записникот. Се изјасни дека за него записникот не ја отсликува реално состојбата на тоа што го зборувале и практично погрешно е напишан, и побара или да се коригира записникот или да се одложи точката. Исто така побара да се испрати видео снимката од седницата до сите членови на Советот, затоа што тие немале увид, и сите членови на Советот да утврдат што точно е кажано и така формално да биде не само записник, затоа што од таа првична дискусија произлегуваат сите дискусии. И, рече, ако се гледа вака изолирано записникот, без да има суштина на тоа што беше предлог на претседателот, произлегува сосема различно светло и различен контекст на тоа што е кажано. Понатаму г-дин Трајчев, се осврна и на дискусијата на г-дин Фетаи, рече дека и г-дин Фети исто така се повикал на мислењето на претседателот, каде што исто ги кажал зборовите дека се противзаконски и тие не стојат, барем тој не ги видел, и побара да се провери. Побара снимката од седницата да се прати до сите членови на Советот, да се утврди што точно е кажано и да се запише така како што е кажано, стенограмски. Објасни дека тоа сакал да го предложи и за првиот дел од записникот, но сите се согласиле дека е неспорен сам по себе. Г-дин Трајчев, понатаму, рече дека има и други технички забелешки во содржината и бидејќи веќе ги нотирал ги кажа: на страна 31 од записникот, во 7-от ред предложи зборовите „ако веќе се гледам" да се заменат со „ако веќе се гледа", без „м", затоа што е различна конотација, потоа на страна 32 надвор од контекст излегува реченицата ако се чита вака „доколку се појават такви ситуации, доколку тој лично биде член на таа комисија.." и објасни дека всушност мислел доколку г-дин Горан Радуновиќ е член на таа комисија, му се обратил нему, доколку сте Вие член на таа комисија како ќе одлучувате? Во наредниот пасус, во друга негова дискусија, каде што се кажува „на физичко лице со разлика на правно лице", треба да биде членувано, односно „физичко лице со разликата на правно лице', за да биде правилно правописно напишано. На крајот од дискусијата додаде дека овие забелешки се повеќе од техничка природа, но во основа главната забелешка се однесувала на суштинската работа на тоа што претседателот го дал како предлог, потоа во дискусијата го коригирал дека тоа е не е предлог туку негов став, но тоа била основата за да се развие таа дискусија и тоа е причината за начинот на гласање сите членови на Советот и сите нивни дискусии биле во таа насока.

Г-дин Петрушевски, објасни дека сите работи што ги спремил за седницата, се претходно работени и при тоа не се случило да го прочита истото што го напишал, односно неговата дискусија никогаш не е читање на тоа што го работел, го гледа напишаното, но во моментот го објаснува со свои зборови и не е сигурен дека на седницата прочитал сè во целост, како што пишува внатре. Тој документ го поделил на

колегите неофицијално за да го имаат на увид, до колегите не го испратил на меил како официјален документ и не очекува како таков документ да влезе во записникот. Во записникот треба да влезе она што го кажал во дискусијата. Се изјасни дека не е сигурен за кажаните зборови бидејќи на ја гледал снимката и рече дека е најдобро да се одложи записникот и да се провери.

Г-дин Трајчев, рече дека тоа што го дал претседателот ќе влезе во записник, сега го прочитал во неговото излагање, го прочитал тоа што го кажал претседателот и побара да се провери, затоа што тоа била основата и суштината зошто сите членови на Советот гласаа како што гласаа. Ако еден член на Совет кажува дека нешто е противзаконски, нормално дека сите членови на Советот ќе го земат сериозно, ќе дискутираат и на основа на тоа ќе донесат одлука.

Г-дин Фетаи, во врска со тоа што го рекол г-дин Трајчев и претседателот, смета дека навистина мора тоа да биде многу прецизно истакнато во записникот, за да може да се констатира зошто членовите на Советот не го усвоија предлогот што го имаа во поглед на распишување на нов конкурс, бидејќи друга причина немаше. Објасни дека лично тој се водел и бил воздржан токму поради тоа што се пробиени предвидените законски рокови. Инаку, рече, други забелешки во никаков поглед немал бидејќи таа работа фактички ја водат со месеци, и новата Студија што ја имале и нивното укажување посебно кон една нова специјализирана телевизија. Единствената негова задршка била токму поради тоа, да не одат надвор од законски предвидениот рок кој бил пробиен, други причини немале и затоа тоа треба да биде дел од записникот. Се согласува објаснувањето да биде многу прецизно внесено, зошто фактички дојде до неизгласување на точката која ја имале.

Г-дин Петрушевски, рече, дека во неговата дискусија во записникот гледа дека е забележано: „објасни дека доколку денес гласа „за", неговото гласање ќе биде спротивно на член 70 став 6 од Законот".

Г-дин Трајчев рече, дека во самиот документ стои - т.е. ќе биде противзаконска. Значи противзаконска, ако стои збор на претседателот во тој документ што го дал и тоа излагање што го имал, сите присутни членови на Советот, земајќи го тоа во предвид како аргумент, го промениле ставот, за кој што верува дека сите претходно, да не беше тоа, ќе изгласале позитивно, но поради тоа никој не сакал да оди спротивно на Законот, да го прекрши Законот и да гласа противзаконски. И затоа, рече, сите членови, нека си каже секој за себе, биле воздржани поради тоа. На крајот додаде дека тоа едноставно сега го нема во записникот.

Г-дин Петрушевски, рече, цитат: значи стои во записникот, се извинувам колега, стои во записникот, дека сум рекол дека е спротивно на Законот, можеби не сум го употребил зборот противзаконски, али пишува дека „објасни дека доколку денес гласа „за", неговото гласање ќе биде спротивно на член 70 став 6 од Законот". Го пишува тоа во Записникот.

Г-дин Фиданоски, рече дека сака да направи една корекција на искажувањето на г-дин Трајчев, затоа што тој гласал за таа одлука на таа седница и не бил воздржан. Инаку се согласува со мислењето на г-дин Трајчев дека можеби затоа што е суптилна материјата и затоа што многу од нив врз база на тој документ воделе дискусија, не е лошо да се провери уште еднаш, како точно е кажано и потоа да се преразгледа или гласа по тој записник.

Г-дин Петрушевски, рече дека најдобро е да се одложи записникот, уште еднаш прецизно да се провери и да се стави онака како навистина се случило и ги праша

членовите на Советот дали за сите тоа е прифатливо? Г-дин Петрушевски, го одложи усвојувањето на предложениот Записник од продолжението на 16-та седница одржано на 21.04.2017 година, за пред почетокот на првата наредна седница. Потсети дека имаше барање од г-дин Трајчев, материјалот, снимката од седницата да се достави до членовите на Советот. Во врска со доставување на видео/аудио материјалот, објасни дека има бесплатни софтвери, да материјал што е во GB (гигабајти) го намалат од 4 до 8 пати. Во врска со тоа рече дека ќе ги информира вработените од Секторот за техника. Г-дин Петрушевски, го одложи усвојувањето на предложениот Записник од првото продолжение на 16-та седница, за пред почеток на наредната седница, да се провери уште еднаш прецизно како било и да се испрати до членовите на Советот некоја компримирана верзија на видео снимка од целото продолжение.

**Точка 2**

Советот, го разгледа предложениот Записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2017 година.

Г-дин Трајчев, рече дека има мала забелешка, која се однесува на неговата дискусија, на страна 5. Тогаш на седницата кажал „мое лично мислење", а во записникот стои само „мислење", без зборот „лично". Пишува „неговото мислење беше", а треба „неговото лично мислење е дека..", сите имаат право на свое мислење.

Г-дин Петрушевски, ја праша раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска дали е сигурна за оваа забелешка од г-дин Трајчев или треба да провери. Во таа насока, бидејќи се работи за само една забелешка, предложи да не се одложи точката, раководителката на одделението да ја напушти седницата, да провери, и потоа да се врати и да образложи. Г-дин Петрушевски ја прекина точката за да се провери како точно е кажано.

По проверката, раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, се врати на крајот од седницата по што се продолжи со точката. Објасни дека се провери аудио/видео снимката и стенограмските белешки кој што со колешката ги вадат за секоја седница и се констатира дека г-дин Трајчев, зборот „лично" го нема кажано.

Г-дин Трајчев, рече дека е напишано со зборови различно од она што е кажано, дека треба да се усвои така како што е кажано, не сака да се менува нешто што не било, независно како било неговото мислење. Не сака корекции на записник од тоа што не се случило, тоа му биле и претходно процедуралните забелешки за други случаи. Едно е нешто граматички да се доформулира, друго е суштински, да остане така како што е кажано, независно од тоа како мислел човекот што кажал и ќе гласа за записникот.

Раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, рече дека на снимката г-дин Трајчев има кажано – „Моето мислење беше дека член 357 во конкретниот случај е применлив за нашата работа што не значи дека јас на крај ќе бидам во право, во една судска постапка на крај судот ќе одлучи". Во записникот е парафразирано – „Неговото мислење беше дека член 357од Законот за облигациони односи, во конкретниот случај е применлив за конкретната работа, што не значи дека тој на крај ќе биде во право, во една судска постапка на крај судот ќе одлучи.

Г-дин Трајчев, се согласи дека таа е суштината.

Советот, едногласно го усвои Записникот од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.04.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година. Објасни дека се предлага ребаланс за да се обезбедат 693.000,00 денари, за набавка на адвокатски услуги за 2017 година, за дополнителна претплата за 4 (четири) конекции/пристапи на електронска база на прописи – ЈП Службен весник на Република Македонија и за набавка на навлажнувачи на воздух за работните простории на Агенцијата. Набавката на навлажнувачи на воздух се должи врз база на извештајот што го спроведе една компанија согласно Законот за безбедност на работа и предложи во најголемиот број на канцелариите да се набават навлажнувачи на воздух, а за одреден број на канцеларии додатно да се зголеми осветлувањето. Но, сега ребалансот се однесува само во делот за навлажнувањето. Посочи дека сите овие средства се обезбедуваат од една ставка, односно се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво. За наведената јавна набавка е склучен договор со оператор во понизок износ од планираниот. На крајот информира дека не се зголемува вкупната сума на приходи и расходи на Агенцијата, а на една од наредните седници ќе следи и измена на планот за јавни набавки.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2361/1 од 04.05.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2017-та година, бр.05-6650/1 од 22.12.2016 година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та, вкупно планираните расходи ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 124.163.472,00 денари.

Со ребалансот ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 693.000,00 денари наменети за: набавка на адвокатски услуги за 2017 година во износ од 354.000,00 денари, за дополнителна претплата за 4 (четири) конекции/пристапи на електронската база на прописи – ЈП Службен весник на Република Македонија во износ од 44.000,00 денари и за набавка на навлажнувачи на воздух за работните простории на Агенцијата во износ од 295.000,00 денари.

Обезбедувањето на финансиските средства ќе се изврши со измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година и тоа:

•Групната ставка 417 Интелектуални и други услуги ќе се намали за 339.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 18.861.000,00 денари ќе изнесува 18.522.000,00 денари.

-На оваа групна ставка ќе се внесе нова позиција 417400 – Адвокатски услуги во вкупен износ од 354.000,00 денари;

-Позицијата 417800 - Други неспомнати услуги-истражување ќе се намали за 693.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.956.000,00 денари ќе изнесува 4.263.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво. За наведената јавна набавка е склучен договор со оператор во понизок износ од планираниот.

• Групната ставка 409 - Други материјални расходи ќе се зголеми за 44.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 840.000,00 денари ќе изнесува 884.000,00 денари.

- Позицијата 409100 - Издатоци за стручна литература, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се зголеми за 44.000,00 денари и ќе изнесува 344.000,00 денари. Со наведеното зголемување ќе се обезбедат средства за дополнителна претплата за 4 (четири) конекции/ пристапи на електронската база на прописи – ЈП Службен весник на Република Македонија.

• Групната ставка 441 – Средства за опрема ќе се зголеми за 295.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 8.697.200,00 денари ќе изнесува 8.992.200,00 денари.

- Позицијата 441500 – Купување- набавка на друга опрема, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се зголеми за 295.000,00 денари и ќе изнесува 595.000,00 денари. Со наведеното зголемување ќе се обезбедат средства за набавка на навлажнувачи на воздух за сите работни простории на Агенцијата со цел да се исполнат препораките наведени во извештајот за испитување на микроклиматски услови изработен од ДПМИИ „Техничка сигурност – БМБ Мирко" ДООЕЛ, Скопје.

Се задолжи Секторот правни и економски-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Точка 4

Г-дин Трајчевски, ја образложи предложената информација во врска со доставениот допис од извршител во врска со предметот за должникот - Радиодифузно друштво „СКАЈ НЕТ – Манчев" ДОО Скопје. Потсети дека на претходните неколку седници се разгледуваше овој случај, но бидејќи пред десетина дена стигна допис од извршителот, во таа насока се подготви информација до членовите на Советот. Советот донесе заклучок дека ќе продолжи со постапката за наплата на залогот преку извршител, така да и во иднина за секоја нова промена Советот ќе биде информиран.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.03-2351 од 03.05.2017 во врска со доставениот допис од Извршител Фанија Каламатиева во врска со предметот за должникот - Радиодифузно друштво „СКАЈ НЕТ – Манчев" ДОО Скопје И.бр.269/2017.

Советот, едногласно даде одобрение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Извршител, Фанија Каламатиева, да испрати Известување во врска со предметот за должникот - Радиодифузно друштво „СКАЈ НЕТ – Манчев" ДОО Скопје И.бр.269/2017, со текст како што беше даден во прилогот на Информацијата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да го достави дописот до Извршител, Фанија Каламатиева.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски, објасни дека пристапот на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, е неопходна потреба во работата на Секторите во Агенцијата. Информира дека за таа намена се предлага износ од 15.000,00 денари.

Г-дин Трајчевски, појасни дека не се работи за набавка од мала вредност, затоа што има единствен понудувач.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2332/2 од 03.05.2017 година и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за уплата на средства заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, во износ од 15.000,00 денари.

Средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

**Точка 6**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: канцелариски материјали.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2340/3 од 03.05.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: Канцелариски материјали, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата во износ од 210.000,00 денари (без ДДВ) се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 7**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: одржување на веб страницата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2345/3 од 03.05.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Одржување на веб страницата на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Одржување на веб страницата на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата во износ од 85.000,00 денари (без ДДВ) се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Г-дин Петрушевски, најави дека на барање на г-дин Фиданоски, отвора дискусија под точка Разно.

Г-дин Фиданоски, рече дека тоа што сака да го соопшти е дека сака да ја поздрави навремената реакција на Агенцијата, со испраќањето допис до Програмскиот совет на МРТ за преразгледување на известувањето на јавниот сервис за настаните на 27 април 2017 година, што се случуваа во Собранието на Република Македонија. Според него, апсолутно образложението е издржано и се согласува дека се прекршени законските одредби од ЗААВМУ, член 110 и член 111, односно дека не е обезбедено постојано вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање за тие случувања, ниту пак се организирани можности да се дебатира во врска со таквиот настан, за кој смета, а верува дека ќе се согласат и останатите, дека претставува најблаго кажано шокантен настан за сите. Тамо биле тепани негови колеги, новинари, физички повредени, а има двајца новинари потешко повредени. Рече дека нема да навлезе за тоа што се случуваше со политичарите, што исто така е за дебата и за тоа си има органи на прогон, меѓутоа тоа беше најблаго кажано ужасно и дека апсолутно ја потврдува сликата за тоа како и под какви услови работеле новинарите таа вечер и претходно кога имало случувања што се слични на тоа. Како мала дигресија спомена дека и тој бил еден од тие што бил исфрлен од галеријата на Собранието Република Македонија на 24 декември 2012 година. Тоа го даде како пример и рече дека овие настани се уште потешки од тоа што се случувало. Како претставник во Советот на Агенцијата од Здружение на новинарите на Македонија, информира дека ЗНМ ќе побараат одговорност од раководството на јавниот сервис. Претставникот на ЗНМ во Програмскиот совет на МРТ, веќе побарал итна седница на Програмскиот совет на МРТ, на која што ќе се дискутира за известувањето. И според информациите што ги има добиено од него кога се слушнале, на седницата ќе се бара одговорност и смена на уредничкиот тим пред сè, затоа што не одговориле на предизвикот за тоа како треба да го штитат јавниот интерес и како треба да известуваат за таквите случувања. Наведе дека во моменти кога на некои луѓе таму им бил загрозен животот, како иронија, гледачите го гледале филмот Атентатот на Никсон кој одел во тој момент, многу добро се сеќава и тоа било шокантно. Очекува дека заради овој настан раководството на МРТ ќе понесе одговорност и дека најмалку што може да направи е да си поднесат оставки затоа што апсолутно не одговориле на тоа што им требало да биде обврска, да го штитат јавниот интерес. На крајот, уште еднаш ја поздрави реакцијата на Агенцијата и верува дека вакви реакции ќе има и во иднина за сите слични непријатни настани или секогаш кога е потребно како регулатор да реагира.

Г-дин Трајчевски, рече дека ќе даде едно мало појаснување, на кое можеби и мислел г-дин Фиданоски. Објасни дека не станува збор само за МРТ 1, туку се однесува за целиот јавен сервис и испратен е дописот до Програмскиот Совет на МРТ за сите програмски сервиси. Најави дека во текот на денот Агенцијата ќе излезе со нова анализа и надзор во однос на известувањето на комерцијалните телевизии. Кај една телевизија е забележано исто така несоодветно известување, односно телевизијата не обезбедила објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, што е спротивно на член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ. Станува збор за подолг извештај за кој беше потребно подолго време за да се изработи, имаше и неработни денови за првомајските празници, во средата беше и светскиот ден за слободата на медиумите и Агенцијата со свои претставници учествуваше на една конференција организирана од страна на делегацијата на ЕУ. Објасни дека до крајот на денот, тој извештај ќе биде објавен на веб страницата и ќе биде пратено известување до Телевизија Нова.

Г-дин Фиданоски, се заблагодари и рече дека на тоа и мислел, затоа што според информациите што ги има добиено од неговиот колега, претставник во Програмскиот совет на МРТ, ќе се бара одговорност за сите уредници. Објасни дека само како пример го навел првиот програмски сервис за филмот што се емитувал во тој момент. Се согласи дека ако сите не одговориле на предизвикот, сите во јавниот сервис треба да си поднесат одговорност.

Бр. 02-2341/7
15.05.2017 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ